АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ
СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО
ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE
E MENAXHIMIT
TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-3035/25
29-01-2024 год.-vite
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр.24/2019 , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-3035/16 од 29.12.2023 г. и Извештај од спроведена постапка бр.05-3035/24 од 24.01.2024 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**22689/2023** , Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А

## за избор на најповолна понуда за
## Процена на вредноста на деловен простор со кој стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-3035/16 од 29.12.2023 г. и Извештај од спроведена постапка бр.05-3035/24 од 24.01.2024 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3035/3 од 21.11.2023 г., со примена на Поедноставена отворена постапка со објавување на оглас во ЕСЈН , Договорот за Процена на вредноста на деловен простор со кој стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје се доделува на:

**Друштво за вештачење и процена**
**„ СИНОПСИС “ДООЕЛ СКОПЈЕ**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4 (четири) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

-Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

-Понудувачите чии понуди се отфрлени за причините за отфрлање на нивната понуда,со детално образложение зошто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да

изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолната понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**
**Sheval Ceku**

**доставено до**:
- Сектор за стопанисување со деловен простор-Дирекција
- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Индира Дрпљанин
контролирал: Анета Тодоровска
одобрил: Кирил Ѓоргов Пом.директор за деловен простор
Аријана Раман Пом.директор за финансии